HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ
COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA
HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073
St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073
e-mail: helkom@mhc.org.mk web page: http://www.mhc.org.mk

# КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ОКТОМВРИ – ДЕКЕМВРИ 2012

СОДРЖИНА

ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ
- Марш на толеранцијата „СТОП за Женофобија, Трансфобија и Хомофобија“
- Граѓанска иницијатива „АМАН“
- Удар врз уставниот поредок на Република Македонија – 24.12.2012
- Говор на омраза
- Нарушување на принципот на секуларност на државата
- Лустрација
- Закон за граѓанска одговорност

ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ И ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ
- Тортура врз притвореници во истражниот Затвор Скопје

ДИСКРИМИНАЦИЈА
- Уставна иницијатива за Законот за семејство

СУДСКИ СЛУЧАИ
- Душан Илиевски (Душко млекарот) и други
- Семејно насилство
- Љубе Бошковски и други („Ровер“) – заштитен сведок

ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА
- Штрајк на здравствените работници

ЛГБТИ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА (*Посебен извештај*)

ЈАНУАРИ 2013

# ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

## МАРШ НА ТОЛЕРАНЦИЈАТА „СТОП ЗА ЖЕНОФОБИЈА, ТРАНСФОБИЈА И ХОМОФОБИЈА“

На 17.11.2012 година Хелсиншкиот комитет го одржа „Марш на толеранција“ со што по четврти пат го одбележа Меѓународниот ден на толеранцијата. Оваа година маршот беше посветен на три општествени групи во Република Македонија кои изминатата година беа подложени на јавна дискредитација, дискриминација и говор на омраза а тоа се: жените, трансродните лица како и лицата со истополова сексуална ориентација односно геј мажи и жени под мотото „СТОП за Женофобија (Мизогинија), Хомофобија и Трансфобија“. Комитетот во неколку наврати ја информираше јавноста дека преку медиумите се води кампања за уназадување на општествениот статус на жената преку индиректен напад на правото на избор, наметнување на вина за намален наталитет на „нацијата“, хомофобична и трансфобична пропаганда која директно посочува дека припадниците на ЛГБТИ заедницата не можат да придонесат во развој на 'здрава нација'. Како последица на оваа кампањата, „Маршот на толеранција“ започна со физички напад на двајца активисти за човекови права, во текот на подготовките на штандови за невладините организации кои го поддржаа настанот.

Комитетот го поздравува соодветното обезбедување на настанот од страна на полицијата, воедно и брзата реакција за пронаоѓање на лицето кое го изврши физичкиот напад. Комитетот очекува против овие лица да биде поведена постапка, која ќе ја следи во целост и ќе даде повеќе информации за овој немил настан.

Воедно, Комитетот и претставници на коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ јавно ги повикаа, Премиерот на Република Македонија Никола Груевски, Министерот за труд и социјална политика Спиро Ристевски, Министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска да го осудат насилството кое сметаме дека произлезе од говорот на омраза и хомофобичната кампања во која учествуваа тие преку изјави во јавноста. За жал, насилството го осуди само министерката за внатрешни работи додека министерот Спиро Ристевски не ја согледа својата улога и допринес за поттикнување на насилство кон ЛГБТИ заедницата базирано во неговите изјави.

## ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА „АМАН“

Хелсиншкиот комитет за човекови права постапува по барањето за правна помош поднесено од претставници на Граѓанската иницијатива „Аман“, ги следи активностите поврзани со иницијативата и овозможува комуникација со соодветните

институции согласно законите на Република Македонија. Активистите од оваа граѓанска иницијатива ги прекинаа неделните протести со цел да побараат институционални решенија за барањата кои произлегоа од движењето. Во тој поглед, на 18.10.2012 година започнаа со постапка за собирање на 10,000 потписи согласно Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните[1] со цел да се направат измени во Законот за енергетика[2] но Владата на Република Македонија го злоупотреби недефинираниот рок во кој треба да го извести органот на државната управа надлежен за евиденција на избирачкото право или во овој случај Државната изборна комисија преку членот 67, став 1 од законот.

Иако иницијативата беше уредна, одобрена од страна на Претседателот на Собранието и две собраниски комисии во законските рокови, Владата не ја извести Државната изборна комисија да постапи веднаш по иницијативата со што рокот од 3 месеци за собирање на 10,000 потписи беше скратен значително. Постапката започна на 06.12.2012 а трае до 30.01.2013 год. Хелсиншкиот комитет подготвува детална анализа за Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, улогата на Државната изборна комисија и компаративна анализа за спроведување на граѓански иницијативи во европските земји, со цел да понуди подобрување на законската рамка, поедноставен пристап на граѓаните и активно учество во донесувањето на одлуки од јавен интерес преку формите на директна демократија односно пристап до Уставно загарантираните граѓански и политички права.

## УДАР ВРЗ УСТАВНИОТ ПОРЕДОК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-24.12.2012

Хелсиншкиот комитет со загриженост ги следи последните случувања на македонската политичка сцена. Претставници на Комитет на 24.12.2012 година, за време на протестот на „Фронтот на народот“ од една страна и симпатизерите и членовите на опозицијата од друга страна, од самиот почеток ги следеа случувањата во својство на набљудувачи од аспект на почитување на правата и слободите на граѓаните за време на јавен собир. Воедно, преку соопштение до јавноста Комитетот се произнесе дека на овој ден беше извршен удар на демократскиот поредок на Република Македонија. Овој став се темели врз неколку основи:

1. Насилно исфрлување на новинарите од собраниската галерија кои уредно го најавиле своето присуство за следење на јавната расправа за донесување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година.

2. Употреба на физичко насилство врз пратеници и пратенички од неколку партии во опозиција од страна на сеуште неидентификувани службени лица при Министерството за внатрешни работи при обид за блокада на донесување на Буџетот по неприфаќање на расправа и амандмани предложени од страна на опозицијата

[1] „Службен весник на РМ“ бр. 81/2005.

[2] „Службен весник на РМ“ бр. 16/2011 и 136/2011.

3. Неповедување на постапка/ истрага од страна на релевантни институции за настаните во собраниската сала. Примена на несразмерна физичка сила над граѓани кои го пробија полицискиот кордон, но и селективно приведување и примена на непотребни присилни мерки врз двајца граѓани за време на протестите на опозициската партија СДСМ и симпатизери од една и „Фронтот на народот" од друга страна.

Комитетот со загриженост констатира дека со ваквите дејствија се врши удар на уставниот поредок на Република Македонија, а случувањата преставуваат досега невиден преседан спротивен на основните принципи на правната држава и владеењето на правото. Особено загрижува фактот што пратениците од опозицијата изјавија дека биле насилно отстранети од собраниската сала од страна на припадници на специјални полициски единици.

Комитетот укажува дека согласно Деловникот за работа на Собранието, претседателот на Собранието заради одржување на редот може да даде наредба за отстранување на еден пратеник, но не и на цели пратенички групи. Ова дотолку повеќе што во случај да не може да се одржи редот во собраниската сала најпрвин тој треба да даде две усни опомени, а доколку и тоа не придонесе до воспоставување на редот, да одреди краток прекин на седницата.

Хелсиншкиот комитет ја утврдува фактичката состојба преку фото и видео материјали од опишаните настани кои ги направи на 24.12.2012, како и од сведоштвата на претставниците на Комитетот кои беа присутни во Собранието на Република Македонија. Исто така, групата пратеници се обратија до Комитетот, дадоа изјави и пополнија барање за правна помош. Испратено беше барање за информации од јавен карактер до Собранието на Република Македонија со цел да се согледаат сите аспекти пред објавувањето на конечниот став на Комитетот, кој е презентиран во вид на посебен извештај.[3]

## ГОВОР НА ОМРАЗА

Хелсиншкиот комитет во континуитет ги следи медиумите, социјалните мрежи и изјавите на носителите на високи јавни функции и преставници на политички партии, воедно констатира дека изминатите неколку месеци, говорот на омраза бележи пораст кој воедно резултира и со физичко насилство кое станува дел од секојдневието во Република Македонија. Дополнително, Комитетот смета дека насилството е резултат на изразен говор на омраза кој не наидува на осуда, туку напротив поминува без позначителни укажувања од страна на институции како што се

[3] Посебниот извештај за четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24.12.2012 година можете да го најдете на веб страницата на Хелсиншкиот комитет, во секцијата извештаи (http://www.mhc.org.mk/pages/reports#.URJveB1X0l8)

Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација, Постојаната анкетна комисија за човекови права во Собранието на Република Македонија и други релевантни институции.

Во отсуство на конкретни мерки за справување со говорот на омраза Хелсиншкиот комитет утврди дека:

1. Најизразен е говорот на омраза на етничка основа особено по внатрешните несогласувања помеѓу коалиционите партнери ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ[4] во Владата на Република Македонија кои се рефлектираат со изразено физичко насилство помеѓу младата популација во јавниот транспорт, средните училишта и социјалните мрежи

2. Говорот на омраза по основ на сексуална ориентација бележи пораст по агресивната кампања која се водеше во медиумите против ЛГБТИ заедницата (детално опишана во точка 1.1. во овој извештај) од страна на носители на високи јавни функции. И во овој случај, говорот на омраза резултираше со физичко насилство кон активисти на „Маршот на толеранција“.

3. Политичката омраза неизостанува особено по големите политички превирања помеѓу двете најголеми партии од македонскиот блок, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Покрај тоа што Комитетот укажа на политичко етикетирање и говор на омраза кон на активисти во граѓанската иницијатива „Аман“, политичката омраза кулминира со насилство помеѓу симпатизери и членови на партии за време на протестите пред Собранието на Република Македонија на 24.12.2012 при што беа повредени неколку граѓани.

## НАРУШУВАЊЕ НА ПРИНЦИПОТ НА СЕКУЛАРНОСТ НА ДРЖАВАТА

Имајќи ја во предвид недвосмислената секуларност односно одвоеност на црквата од државата, конституирана како суверена, самостојна и како граѓанска и демократска држава, чија темелна вредност е да изгради владеење на правото и поделба на власта на законодавна, извршна и судска, Комитетот апелира преставниците на двете најголеми верски заедници и нивните правни субјекти Македонска Православна Црква (МПЦ) и Исламска Верска Заедница (ИВЗ) да се воздржат од мешање во политиката, државното уредување и поттикнување на меѓурелигиска и меѓуетничка поделба помеѓу граѓаните на Република Македонија.

Оваа реакција на Комитетот се темели врз неодамнешните изјави на поглаварот на МПЦ г.г. Стефан и поглаварот на ИВЗ Реис Сулејман Ул Улема Ефенди Реџепи и повици до верниците за национално обединување. Ваквите изјави и произнесувањето на верските лидери за неприкосновениот суверенитет кој произлегува од Уставот на

---

[4] Комитетот забележа пораст на физичко насилство кое се изразува кај младата популација по прославата и одбележувањето на 100 години независност на Албанската држава и спротиставените ставови на партиите по основ за донесување на Законот за бранители кој сеуште се наоѓа во собраниска процедура.

Република Македонија и меѓународното право, може погрешно да биде протолкувано и да ги продлабочи етничките тензии помеѓу граѓаните припадници на Македонската и Албанската етничка заедница.[5] Воедно, занемарувањето на останатите религиски групи, тесното врзување на религијата со националното единство на поединечни етнички групи, изјави од верските лидери и повици кон граѓаните, можат да предизвикаат длабока поделба на религиска основа, да ја продлабочат веќе големата етничка поделба и да придонесат за нарушување на суверенитетот кој согласно член 2 од Уставот на Република Македонија, произлегува и им припаѓа на сите граѓани подеднакво.

## ЛУСТРАЦИЈА

На 3 септември 2012 година Хелсиншкиот комитет до Уставниот суд на РМ поднесе Иницијатива[6] за поведување постапка за оценување на уставноста на таканаречениот Закон за лустрација.[7] Составен дел на Иницијативата претставува и предлогот за донесување на решение за запирање на извршувањето на дејствијата што се преземат врз основа на Законот, а со цел да се избегнат тешко отстранливи последици за граѓаните. До затворањето на овој извештај Уставниот суд на РМ предложеното решение не го донесе. Во меѓувреме Комисијата за верификација на фактите продолжи на својата веб страница да објавува имиња на наводни соработници со органите на државната безбедност, пред таквиот статус да им биде потврден од страна на Управниот суд кој пак поништи две решенија донесени од страна на Комисијата.

На 17 декември 2012 година, Венецијанската комисија при Советот на Европа го објави своето правно мислење (*amicus curiae*) во врска со Законот за лустрација.[8] Во документот се наведува дека правното мислење е подготвено по барање на претседателот на Уставниот суд на РМ, упатено до Венецијанската комисија на 7

---

[5] Со член 19 од Уставот на Република Македонија е регулирано дека Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Од ова јасно произлегува дека во Република Македонија нема државна религија. Државата е секуларна и религијата е одвоена од неа. Тоа значи дека државата нема право да се меша во црковните работи, ниту пак црквата да се меша во државните работи. Со Законот за органите на државната управа е основана Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи како посебен орган на државната управа. Овој орган има статус на правно лице. Во член 29 од овој Закон е пропишано дека Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи се грижи за правната положба на верските заедници и религиозните групи и за односите меѓу државата, верските заедници и религиозните групи.

[6] Достапна на: http://www.mhc.org.mk/appeals/10

[7] Закон за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност („Службен весник на РМ“ бр. 86/2012).

[8] Достапно на: http://www.venice.coe.int/WebForms/documents/?pdf=CDL-AD(2012)028-e

септември 2012, односно четири дена по поднесената Иницијатива од страна на Хелсиншкиот комитет. При анализата на правното мислење, Хелсиншкиот комитет утврди дека Венецијанската комисија се осврнала на сите одредби оспорени од страна на Комитетот. Мислењето е конципирано во четири главни делови кои се однесуваат на: 1) временскиот опфат за кој се применува Законот, 2) субјектите кои тој ги опфаќа, 3) процесните гаранции на лицата за кои се води постапка и 4) објавувањето на нивните имиња на интернет. Главните заклучоци кои произлегуваат од документот (изведени врз основа на меѓународни стандарди, судска пракса на Европскиот суд за човекови права и компаративна студија на законодавството и судската пракса во други европски земји кои го спроведуваат или го спроведувале процесот на лустрација) се:

1) Преку воведувањето на лустрациски мерки по подолг период од почетокот на демократските процеси во една земја се ризикува подигнување на сомнежите за вистинските цели на таквите мерки. Одмаздата не смее да преовлада над заштитата на демократијата.
2) Практикувањето на лустрациски мерки за субјектите кои се наоѓаат на позиции во приватни или претпријатија со мешана сопственост ја надминува целта на лустрацијата.
3) Отсуството на лицето против кое се спроведува постапката за лустрација за време на постапката пред Комисијата за верификација на фактите не е во согласност со неговите права на одбрана, а особено со правото на „еднаквост на оружјата“.
4) Името на лицето кое се смета за соработник треба да биде објавено единствено по конечна одлука на суд.

Ваквите заклучоци се само потврда на аргументацијата која Хелсиншкиот комитет ја употреби при составувањето на Иницијативата со која го оспори Законот за лустрација пред Уставниот суд на РМ. По доставеното правно мислење на Венецијанската комисија останува нејасно која е причината поради која Уставниот суд не закажува седница на која би се разгледувала Иницијативата на Комитетот. Заради утврдување на причините за одолговлекувањето, Хелсиншкиот комитет до Уставниот суд на РМ, во согласност со Деловникот на судот, ќе достави барање за увид во списите во предметот по кој се води постапката.

## ЗАКОН ЗА ГРАЃАНСКА ОДГОВОРНОСТ

Подолг период во јавноста се известуваше за декриминализирање на клеветата и навредата и донесување на нов закон со кој наводна клевета или навреда ќе се докажуваат во граѓанска постапка. Во целиот процес на донесување на законот освен Здружението на новинари на Македонија, ниту едно друго здружение на граѓани не беше вклучено во донесувањето на овој закон. Предлог-законот не се однесуваше единствено на одговорноста за клевета и навреда на новинарите и медиумите, туку го опфаќаше и интернет просторот, а со тоа сите граѓани кои го користат своето право на слободно изразување преку во овој простор. И покрај ваквиот широк опфат на можна одговорност за клевета и навреда, однсоно и покрај тоа што се работеше за

закон од поширок интерес, Собранието на Република Македонија одлучи да не спроведе јавна дискусија[9] и да го донесе законот на нетранспарентен и недемократски начин.

Поради ова, од страна на граѓанските организации Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Центарот за развој на медиуми (ЦРМ), Метаморфозис – Фондација за интернет и општество, Цивил, Фондацијата Отворено општество Македонија (ФООМ), НВО Инфоцентарот, Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ и Македонскиот центар за европско образование (МЦЕО), беше формиран фронт за слобода на изразувањето кој остро се спротивстави на овој предлог – закон, со кој директно се ограничуваше слободата на изразување на граѓаните, поради што бараше и невладиниот сектор и граѓаните со свои предлози и мислења да бидат вклучени во процесот на неговото донесување. И покрај ваквите барања, постапката за донесување на предлог-законот продолжи и истиот беше донесен со незначителни измени, поради што во тек е подготовка на иницијатива за оценување на уставноста на одредени одредби од законот, а посебно на член 23, со кој се дозволува одредување на привремена судска мерка што се состои во забрана на натамошно објавување на изјавите за кои сеуште не би било утврдено во тој дел од судската постапка дека се клеветнички или навредувачки, што доведува до цензура, која е забранета со Уставот на Република Македонија.

# ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ И ЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## ТОРТУРА ВРЗ ПРИТВОРЕНИЦИ ВО ИСТРАЖНИОТ ЗАТВОР СКОПЈЕ

Во текот на месец октомври 2012 година, од страна на група анонимни лица до Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија беше доставена претставка во која беше наведено дека вработени во истражниот затвор во Скопје вршеле тортура над тројца притвореници. Според наводите во претставката, на ден 17 септември 2012 година од 20:50 до 23:00 часот во истражниот затвор Скопје тројца притвореници кои се албански државјани биле врзувани со лисици за радијатори и биле оставани во таква положба подолго време. Во прилог на претставката беа доставени и фотографии кои ги потврдуваат горенаведените наводи.

Во врска со овој случај бил известен и Народниот правобранител кој го истражувал случајот и утврдил елементи на казниво дело при што го алармирал и

[9] Според член 145 од Деловникот на Собранието на Република Македонија за предлог на закон кој е од поширок интерес, Собранието може да одлучи по тој закон да се спроведе јавна дискусија и да определи матично работно тело што ќе ја организира јавната дискусија

Министерството за правда да преземе соодветни мерки. Министерот за правда, Блерим Беџети, за медиумите изјави дека постоело изживување врз притвореници и дека итно ќе бидат преземени соодветни мерки, при што ќе бидат поднесени и соодветни кривични пријави против извршителите на ова казниво дело, а и со цел да се спречи меѓународен скандал, бидејќи, како што беше наведено, лицата кои биле малтретирани се државјани на Република Албанија.

Управата за извршување на санкции пак од своја страна, за медиумите изјави дека кривични пријави ќе бидат поднесени и против непознати лица кои неовластено фотографирале и го документирале настанот. Во врска со ова, Хелсиншкиот комитет смета дека поднесувањето на кривични пријави има за цел заплашување на службените лица во установите од затворен тип и непријавување на случаи на тортура. Од друга страна пак, неказнувањето на вработените во овие установи, во случај да е основано дека сториле некаква повреда на човековите права, повторно говори за фактот дека таквите повреди на човековите права, сакаат да бидат прикриени од јавноста. Согласно член 364 став 1 од Кривичниот законик на Република Македонија, непријавувањето на кривично дело, претставува засебно кривично дело.[10]

Хелсиншкиот комитет потсетува дека согласно член 142 став 1 од Кривичниот законик на Република Македонија, за делата кои беа опишани во претставката, следува казна затвор од една до пет години.[11] Забраната на мачење е втемелена и во член 3 од Европската Конвенција за човекови права и основни слободи, чиј потписник е и Република Македонија.

---

[10] Член 364 (1) Службено лице кое свесно ќе пропушти да пријави кривично дело закое дознало во вршењето на својата должност, ако за тоа дело споредзаконот може да се изрече казна затвор од пет години или потешка казна,а делото се гони по службена должност, ќе се казни со парична казна или со затвор од една до три години.

[11] Член 142 (1) Тој што во вршењето на службата, како и тој што наведен од службено лице или врз основа на негова согласност, ќе употреби сила, закана или друго недопуштено средство или недопуштен начин со намера да изнуди признание или некоја друга изјава од обвинетиот, сведокот, вештакот или друго лице, или ќе предизвика кај друг тешко телесно или душевно страдање за да го казни за кривично дело што го сторило или за што е осомничен тој или друго лице, или за да го заплаши или да го присили на откажување од некое негово право, или ќе предизвика такво страдање поради каков било облик на дискриминација, ќе се казни со затвор од една до пет години.

# ДИСКРИМИНАЦИЈА

## УСТАВНА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВО

Со измените во Законот за семејство од 11.07.2008 година[12], во делот кој се однесува за семејното насилство, за прв пат се предвидува заштита од семејно насилство за лица кои се наоѓаат во блиски лични односи. Врз основа на ова, законодавецот во член 94-б став 3 ги дефинирал блиските лични односи како лични односи меѓу лица од различен пол кои или се или биле во партнерски односи, но не живеат во вонбрачна заедница. Сметајќи дека вака дефинираната категорија блиски лични односи, која опфаќа лични односи единствено меѓу лица од различен пол, е дискриминаторска врз останатите лица кои имаат лични односи со лица од ист пол, поради што истите не можат да ја уживаат посебната законска заштита од семејно насилство, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, по повод Меѓународниот ден против хомофобијата, 17 - ти мај 2012 година, поднесе Иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на член 94-б став 3 од Законот за семејството.

Постапувајќи по поднесената иницијатива, Уставниот суд на Република Македонија донесе решение со кое иницијативата ја отфрли, утврдувајќи дека во оспорениот член 94-б на Законот за семејство, ниту една категорија граѓани кои би можеле да бидат потенцијални жртви на семејно насилство не е изземена од заштита од семејно насилство, поради тоа што потенцијалните жртви на семејно насилство (вклучувајќи ги и партнерите од ист пол) може да бидат и лица кои живеат во „заедничко домаќинство". Со тоа, Уставниот суд оцени дека всушност Хелсиншкиот комитет за човекови права со оваа иницијатива барал да се прошири содржината на оспорената одредба, за што Уставниот суд не е надлежен. Но, иницијативата на Хелсиншкиот комитет за човекови права не беше за лицата кои живеат во „заедничко домаќинство“, туку за дискриминаторското дефинирање на поимот „блиски лични односи“ како однос меѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница, односно не живеат под ист покрив, која категорија е поширока од бракот, семејството и вонбрачната заедница, а терминот „заедничко домаќинство“ ги опфаќа единствено лицата кои живеат под ист покрив. Врз основа на ова произлегува дека лицата кои имаат блиски лични односи од ист пол, а не живеат под ист покрив, се оставени без посебната законска заштита од семејно насилство, поради што оспорената одредба е дискриминаторска за одредена група на граѓани и истата е во спротивност со Уставот на Република Македонија.

Хелсиншкиот комитет за човекови права смета дека Уставниот суд на Република Македонија е единствено надлежен да врши контрола на согласноста на законите со Уставот, поради што истиот е должен според Уставот да постапува и да одлучува за уставноста на оспорени законски одредби, што не беше случај со оваа иницијатива.

---

[12] Закон за семејство (Службен весник на РМ бр. 84/2008).

# СУДСКИ СЛУЧАИ

## ДУШАН ИЛИЕВСКИ (ДУШКО „МЛЕКАРОТ“) И ДРУГИ

По повеќе од две години, во ноември 2012 година, со ослободителна пресуда заврши судскиот процес против Душан Илиевски (во јавноста познат како Душко млекарот) и неговиот брат и татко. Членовите на семејството Илиевски беа гонети за наводното кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“, односно одгледување на над 200 садници марихуана. За време на судскиот процес се утврди дека станува збор за канабис самоник, односно коноп кој без дополнителна обработка не ги поседува својствата на наркотична дрога. Бидејќи Јавното обвинителство не успеа да докаже дека членовите на семејството Илиевски самите го засадиле, одгледувале или пак обработувале конопот, обвинетите беа ослободени од обвинение.

Душан Илиевски во јавноста стана познат како претседател на Здружението на пелагониски фармери „Пелагонија-обнова“, познато поради заложбите фармерите преку протести да добијат одговор за обезвреднувањето на млекарницата „Сведмилк“ и дали во тие дејствија улога имале и претставници на актуелната власт. Притисоците против Душко започнуваат во 2009 година кога беше извршен претрес на неговата семејна куќа во потрага по нелегално оружје кој заврши со пронаоѓање „трофејна“ семејна ловечка пушка и одземање на дозволата за поседување на оружје. Потоа, СВР Битола против него и над 20 други протестанти поднесува прекршочна пријава за наводно нарушување на јавниот ред и мир за време на протест пред општинската зграда во Битола. Со судска пресуда, сите пријавени се ослободени од одговорност.

Следеше кривичната пријава за одгледување на марихуана во 2010 година. Хелсиншкиот комитет реагираше на непотребното определување на мерката притвор против тројцата обвинети кои 11 дена беа одделени од останатите членови на нивното семејство. Откако беа ослободени од притвор, на членовите на семејството им беа одземени патните исправи со што им се ограничи слободата на движење надвор од границите на државата. Она по што ќе биде запаметен овој судски предмет е флагрантното кршење на принципот на пресумпција на невиност и тоа од страна на државни функционери и органи чија обврска е заштита на овој принцип. Имено, премиерот Никола Груевски по апсењето на Душко изјави дека од страна на МВР бил известен дека се работи за негувана и одгледувана марихуана. Оваа изјава беше пренесена од најголемиот дел медиуми во Македонија, а дел од нив преку начинот на кој известуваа се приклучија кон прекршување на принципот на пресумпција на невиност.

Хелсиншкиот комитет потсетува дека никој не смее да биде прогласен за виновен без вината претходно да биде утврдена со судска одлука. Комитетот уште еднаш укажува на уставното начело на пресумпција на невиност, како и на судската пракса на

Европскиот суд за човекови права преку која е утврдено дека властите мораат да се воздржат од прејудицирање на вина. Ова особено важи за изјави дадени од страна на министри и полицијата[13] и високи функционери (како што е премиерот).[14] Дополнително, Судот во Стразбур пресудил и дека водењето на негативна медиумска кампања за осомничени или обвинети лица и прејудицирање на нивната вина исто така не е дозволена според Европската конвенција за човекови права.[15]

Хелсиншкиот комитет ги поздравува пресудите на Основниот и Апелациониот суд во Битола и непристрасноста на соодветните судски совети при независното постапување по овој предмет. Од друга страна Комитетот изразува жалење за сите непријатности со кои се соочи Душко „млекарот“ во последните три години. Поради немање волја кај неколку адвокати кои Душко ги контактирал за застапување во постапка за надомест на штета поради неоправдано лишување од слобода, како и друга материјална (уништени насади и изгубен профит) и нематеријална штета (претрпени душевни болки, повреда на угледот и честа итн.), Хелсиншкиот комитет, по барање на Душко, се согласи да му обезбеди бесплатна правна помош.

## СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Хелсиншкиот комитет за човекови права, согласно програмата за правна помош, помага на жртви на семејно насилство и мониторира судски постапки за кривични дела сторени при вршење семејно насилство. Постапувајќи по барањето од лицето Х, жртва на семејно насилство, за мониторирање на кривичната постапка каде истата се јавува како оштетена поради здобиена телесна повреда нанесена од страна на нејзиниот брат и внук, при вршење семејно насилство, Хелсиншкиот комитет за човекови права го следеше процесот и утврди повреди на постапката при постапувањето од страна на Апелациониот суд Скопје. Имено, постапката пред првостепениот суд беше поведена врз основа на обвинителен предлог на Основното јавно обвинителство Скопје, кое беше застапник на обвинението. Но, поради отсуство на јавниот обвинител на главниот претрес, кој беше уредно поканет, оштетената, односно нејзиниот полномошник го презема застапувањето на обвинението, а согласно член 454 став 1 од Законот за кривична постапка. На ден 04.07.2012 год. судот донесе јавна одлука со која обвинетите ги огласи за виновни за кривично дело Телесна повреда по член 130 став 2 в.в. со став 1 в.в. со член 22 од КЗ, поради што им изрече алтернативна мерка условна осуда.

Незадоволна од ваквата пресуда, оштетената, преку својот полномошник, поднесе жалба до Апелациониот суд Скопје, кој одлучи ваквата жалба да ја отфрли како недозволена со образложение дека оштетената имала право да ја побива пресудата единствено поради одлуката на судот за трошоците на кривичната постапка. Жалба во

[13] *Аленет де Рибемонт против Франција* (15175/89), 10 февруари 1995, §41.
[14] *Буткевичиус против Литванија* (48297/99), 26 март 2002, §53.
[15] *Крakси против Италија* (34896/97), 5 декември 2002, §98.

делот на кривичната санкција изјавило и Основното јавно обвинителство, но истата беше одбиена како неоснована и првостепената пресуда беше потврдена. Но, во член 455 став 7 од Законот за кривична постапка е утврдено дека ако јавниот обвинител не присуствувал на главниот претрес (член 454 став 1), оштетениот има право во својство на тужител да изјави жалба против пресудата, без оглед на тоа дали се жали и јавниот обвинител.

Од горенаведеното произлегува дека од страна на Апелациониот суд Скопје на оштетената неосновано и било оневозможено правото на жалба и образложување на нејзините наводи за определената алтернативна мерка – условна осуда. Врз основа на овој случај, а со цел во иднина ваквите пропусти во постапките да не се повторат, Хелсиншкиот комитет за човекови права апелира до јавните обвинители, како застапници на обвинението во случаи на сторени кривични дела при вршење на семејно насилство, и до судиите да постапуваат со должно внимание кон овие предмети со цел жртвите на семејно насилство да добијат ефикасна и ефективна правна заштита и да ги остварат правата кои им припаѓаат согласно законските прописи.

## ЉУБЕ БОШКОВСКИ И ДРУГИ („РОВЕР“)

Постапувајќи согласно програмата за работа во која мониторингот на кривичните постапки е една од активностите, Хелсиншкиот комитет за човекови права започна да го следи судскиот процес за убиството на Маријан Тушевски и Киро Јанев, извршено во 2001 година. За двојното убиство се обвинети 15 лица, од кои тројца за директно извршителство, а останатите 12 за помагање. Седмообвинет во овој судски процес е поранешниот министер за внатрешни работи Љубе Бошковски, кој во времето на извршување на убиствата бил вршител на функцијата министер за внатрешни работи и истиот се товари за помагање во извршувањето на кривичното дело со отстранување на пречките за извршување и ветено прикривање на кривичното дело.

Прифаќајќи го предлогот на обвинителството да се сослуша сведокот – лице со прикриен идентитет со псевдоним „ФФ15“, судот распитот за овој сведок го закажа за ден 28.12.2012 год. Ценејќи ја важноста на заштитените сведоци во кривичните постапки и начинот на спроведување на нивниот распит, до Основниот суд Скопје 1 Скопје, од страна на проф. д-р Гордан Калајџиев, беше испратено известување дека истиот во улога на научен работник, како професор по кривична постапка на Правниот факултет “Јустинијан I”, при Универзитетот Св.Кирил и Методиј, ќе го набљудува претресот. Позитивно мислење за стручната јавност да не биде исклучена од распитот на заштитениот сведок даде и јавната обвинителка, како застапник на обвинението и предлагач на сведокот, со што за прв пат се покажа волја од страна на јавното обвинителство за поголема транспарентност во постапката на сослушување на заштитен сведок. Сепак, советот одлучи да ја исклучи јавноста во целост, вклучително и стручната јавност.

Сметаме дека константните одлуки на советите за исклучување на јавноста во предмети каде се јавуваат заштитени сведоци не овозможува простор за утврдување дали остварува принципот на фер и правично судење. Посебно не го сметаме за оправдано исклучувањето на стручната јавност, која единствено би го следела посебниот начин на сослушување на заштитениот сведок, а со цел да се утврди примената на законските одредби со кои е уреден начинот на заштита на сведоците во Република Македонија и неговото влијание врз принципот на фер и правично судење.

Поради ова, апелираме во иднина советите да дозволуваат присуство на јавноста, посебно на стручната јавност во постапките каде се јавуваат заштитени сведоци и да ја искористат можноста предвидена во член 305 став 2 на главен претрес на кој е исклучена јавноста да присуствуваат одделни службени лица, научни и јавни работници.

# ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАВА

## ШТРАЈК НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ

По поднесеното барање за правна помош на преставници од Самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ, Хелсиншкиот комитет писмено се обрати до Министерот за здравство Никола Тодоров и ги изнесе своите забелешки во однос на прекршување на правата на здравствените работници по две основи:

1) моделот за плаќање по успешност и
2) смеќавањето во практикувањето на правото на штрајк

*1) Моделот за плаќање по успешност*

По направената правна анализа на новиот Закон за здравствена заштита од 2012, Поединечните колективни договори (за правата, обврските и одговорностите на работниците и работодавецот на членките на Самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ и за плати и надоместоци на плата), Договорот за вработување помеѓу здравствените работници и работодавците и Одлука на еден од управните одбори на ЈЗУ за имплементирање на моделот за плаќање по успешност при пресметка на платите, а донесена по заклучок на Владата на РМ, имавме забелешка за имплементацијата на моделот за плаќање по успешност.

Имено, според наше мислење, новиот модел за плаќање по успешност не може да се применува пред тој да биде доставен на разгледување до најголемиот синдикат на здравствените работници – Самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ. По разгледувањето, давањето на свое мислење и согласност, а по усогласување на текстот со релевантните законски прописи,

Министерството и Синдикатот заеднички треба да подготват нов колективен договор врз основа на:

1. Членот 164 од Законот за здравствена заштита во кој е предвидено дека здравствените работници имаат право на плата под услови и критериуми утврдени со закон, колективен договор и договор за вработување. Иако членот 219 (2) од споменатиот Закон утврдува дека платата се определува и врз основа „акт", тоа не го ослободува Министерството за здравство ваквата важна измена на пресметка на платите да не ја вклучи во колективен договор. Потврда за ова е и важечкиот Поединечен колективен договор, дел за плата, други права по основа на плата и надоместоци на плата од 13.03.2009 година склучен помеѓу Самостојниот синдикат и Министерството за здравство, во кој е регулирана областа „плати и надоместоци".
2. Член 15 е наведено дека Договорот за вработување содржи одредба за висината на платата што му припаѓа на работникот за вршење на работата според закон, колективен договор и договорот за вработување, како и дека во Договорот се наведуваат општите акти на работодавецот во кои се определени условите на работа на работникот. Според тоа, за да отпочне примената на моделот за плаќање по успешност, покрај тоа што тој треба да биде вметнат во колективните договори, одлуката за неговата имплементација мора изрично да биде наведена во Договорот за вработување, што во важечките договори не е случај. Дека важечките договори за вработување мора да претрпат измени поради примената на моделот за плаќање по успешност говори и член 12 од Поединечниот колективен договор за плати во кој е наведено дека во договорот за вработување се утврдуваат критериумите за резултатите од работењето.

Сето погоре наведено укажува на законската обврска за Министерството, за една волку важна промена на методологијата за пресметка на плати, најпрвин да ги вклучи сите засегнати страни, а особено најголемиот синдикат, во процесот на изготвување и имплементација на новиот модел за плати според успешност. Дури по ваквата редовна постапка може и мора да дојде до измени и дополнувања на важечките колективни договори и договори за вработување.

По писменото обраќање, Министерот за здравство Никола Тодоров организираше средба со Самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ, на која според вестите кои ги пренесоа медиумите, се разговарало и за промената на колективните договори, наспроти првичниот став на Министерот дека измените можат да се направат само со одлука.

*2) Смекавањето во практикувањето на правото на штрајк*

Хелсиншкиот комитет би сакал да потсети дека уставно загарантираното право на штрајк може да се ограничи само под услови утврдени со закон, а секој друг обид за вршење притисок, негирањето дека здравствените работници воопшто штрајкуваат и вонредниот, засилен и сеопфатен надзор врз штрајкувачите претставува незаконска и неприфатлива форма на вмешување на државата во правата на граѓаните. Правото на штрајк е едно од основните човекови права кое е гарантирано во Уставот на РМ, а е

поблиску регулирано преку Законот за работните односи, Законот за здравствена заштита и Поединечните колективни договори. Иако штрајкот на здравствените работници подлежи на посебен режим кој произлегува од должноста на државата да обезбедува здравствена заштита во секое време, доколку е обезбедена итна медицинска помош и минимална функција на здравствените установи, никој нема право таквиот штрајк да го спречува или да смеќава истиот да се одвива.

Иако Министерството за здравство, Државниот санитарен здравствен инспекторат, лекарските, стоматолошките и фармацевтските комори имаат законска можност и обврска да вршат надзор на законитоста, стручноста во работењето, како и инспекциски надзор, тие во никој случај не смеат да смеќаваат штрајкот да се одржи или пак истиот да го спречат. Во важечкиот колективен договор е утврдено дека работодавецот е должен да обезбеди работна средина во која работникот нема да биде злоупотребуван и изложен на непожелно однесување и надворешни притисоци, како и да го чува достоинството на вработените од претпоставените, соработниците, самите работодавци и други лица (член 46). Понатаму, во колективниот договор е утврдено дека работодавецот, односно директорот или некој друг орган и застапникот на работодавецот не смеат да користат закани против синдикатот (член 64). Синдикатот и синдикалните претставници имаат право во постапка пред работодавателот да ги штитат и промовираат правата и интересите на членовите на синдикатот во секое време во текот на работата, доколку постојат индиции и потреба од заштита на правата (член 65).

Оттука произлегува дека правото на штрајк, во законските рамки, е неприкосновено и сите надворешни притисоци и закани се недопуштени и противзаконски. Поради ова, а со цел граѓаните да можат да ги добиваат неопходните медицински услуги, но и да се заштитат правата на здравствените работници, Хелсиншкиот комитет повика:

1. Да престане смеќавањето, притисоците, заканите, политичкото етикетирање, негативната медиумска кампања, поделбата помеѓу здравствените работници и нивните синдикати поврзани со одржувањето на штрајкот на здравствените работници.

2. Да отпочнат итни преговори со Самостојниот синдикат и сите засегнати страни со крајна цел изнаоѓање на заедничко и прифатливо решение кое ќе резултира со измени во постоечките колективни договори и договори за вработување.

# ЛГБТИ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА

# – ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ –

ВОВЕД

**Центарот како надградба на ЛГБТ активностите на Хелсиншкиот Комитет**

Целокупната работа и активности на Хелсиншкиот Комитет за човекови права на Република Македонија во однос на ЛГБТ луѓето во Македонија доби свое ново, понапредно издание, во форма на ЛГБТИ Центар за поддршка. Оваа подружница на Хелсиншкиот Комитет беше официјално отворена на 23.10.2012 година во Старата Скопска Чаршија.

Мисијата на ЛГБТИ Центарот за поддршка е зајакнување на ЛГБТИ заедницата за самозастапување, како и менување на правниот и социјалниот статус на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија. Покрај главната цел на Центарот за поддршка, застапување на ЛГБТИ заедницата и организирање на групи за самопомош, Центарот нуди помош и на останати формални и неформални здруженија и организации кои работат во доменот на човековите права.

**Генерална атмосфера и притисоци**

ЛГБТИ Центарот почна со својата работа во јасно дефинирана институционална хомофобија и трансфобија, која се огледува од изјавите на луѓето кои раководат со државните институции. Забележлива е синергија меѓу дејствувањето на државните институции и оние кои ги водат, со верските заедници и провладините медиуми, со што е креиран огромен форнт за потиснување и обесправување на ЛГБТИ луѓето. Сето погоре се потврдува и со јасни случаи на физички напади како и семејно насилство врз ЛГБТИ луѓе, организации и активисти кои ќе бидат прикажани подоле во извештајот.

Оваа жестока хомофобичност на институциите ја зголеми и јавно дефинира подршката на ЛГБТИ популацијата од страна на организациите и активистите кои се занимаваат со прашања во областа на човековите права, толкувајќи ја оваа кампања како апсурд кој мора да престане.

Неспорна е соработката со надлежните полициски станици Беко и Битпазар, кои ја вршат професионално својата работа за заштита на организираните настани од страна на Хелсиншкиот Комитет и Центарот за подршка, за што им се заблагодаруваме.

ПОГЛЕД КОН ЈАВНОСТА

**Хомофобија**

Во Република Македонија хомофобијата и трансфобијата е сеуште на високо ниво кое што се потврдува од изразувањето низ социјалните мрежи, нападите на отворениот Центар за поддршка, говорот на омраза низ медиумите, нападите на активистите на организираниот Марш за толеранција и немањето на никаква реакција од страна на државните институции за осуда на ширењето на омраза кон одредена група на луѓе и промовирање на исклучиво општество како и кршењето на законите во државата. Напротив, Министерот за труд и социјална политика покренувајќи го прашањето за таканаречените „геј бракови“ во моменти и атмосфера кога никој нема покренато иницијатива за истите, наместо да ја промовира различноста и диверзитетот во општеството за кој што е најповикан да го промовира, ја стигматизира ЛГБТИ популацијата изјавувајќи дека истата не припаѓа на “здравата нација“.

Последователно на изјавата од министерот Спиро Ристовски, се засили очигледна владина кампања која во себе крие хомофобични изјави и непочитување на правата и достоинството на ЛГБТИ популацијата во Македонија. Изјавите на претставниците на надлежните органи го зацврстуваат поимањето и статусот на ЛГБТИ популацијата како општествена девијација. Кампањата беше проследена од написите на провладините медиуми кои ја зацврстија истата при што ја заборавија или ја игнорираа одговорноста која ја имаат за изјавите и написите кои ги објавуваат кои очигледно потикнаа гнев и хомофобија кај граѓаните, што резултираше со насилство.

По изјавата на претставниците на Владата, Министерот за труд и социјална политика, Министерката за внатрешни работи и Премиерот се огласија и одредени групи кои ја дадоа својата поддршка на владините изјави во однос на хомосексуалните бракови кои беа покренати како тема од страна на Министерот без никаква позадина и иницијатива, изразувајќи го личниот став и ставот на партијата, што е апсолутен апсурд за прашање кое никогаш не било покренато од страна на ЛГБТИ заедницата во државата. Се чини дека тоа е обид за извртување на дебатата и избегнување на суштинска дебата околу вистинските проблеми во остварувањето на своите права од страна на ЛГБТИ луѓето. Беше повреден интегритетот на заедницата при излагањето на сите овие групи за да го изразат своето незадоволство за „хомосексуалните бракови“, бидејќи секој од нив реагираше за непостоечко прашање, додека никој од нив не искоментира на моменталните иницијативи на активистите и организациите како што е додавањето на сексуалната ориентација во Законот за спречување и заштита од дискриминација, додавање на хомосексуалните релации во блиски лични односи поради препознавање на семејното насилство кај хомосексуалните двојки и хомосексуалци и трансродови луѓе во нивните семејства кои се незаштитени, уредувањето на правата и обврските на хомосексуалните двојки кои во македонското законодавство како да се заборавени.

Верските заедници во синергија со државните институции се придружија на лавината од изјави против хомосексуалните бракови и посвојувањето на деца од страна на партнери од ист пол, во рамките на организираната кампања. Со изјави кои користат говор на омраза и ги пропагираат традиционалните религиозни хетеронормативни вредности како единствени правилни вредности, при што се обидуваат преку својата религија да влијаат на статусот на група граѓани во една секуларна држава. Ова не е првпат верските заедници да се обидат да интервенираат во државниот систем, што се однесува до ЛГБТИ заедницата.

Изјави против хомосексуални бракови и посвојување на деца од партнери од ист пол беа дадени од:

1. Министерот за труд и социјална политика Спиро Ристовски
2. Светскиот Македонски Конгрес
3. Исламската верска заедница, Католичката Црква и МПЦ
4. Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија
5. Опозициската СДСМ
6. Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК)
7. Струшките невладини организации „Езерка“ и нејзиниот Центар за млади, „Енхалон“, „Рурбан култ“, „Пунте“, „Варвара“, „Здружението за глуви и наглуви лица“ и „Светлина“
8. Националните спортски федерации
9. Министерката за внатершни работи Гордана Јанкуловска

***Искреираната хомофобична атмосфера беше проследена со неколку физички напади.***

На денот на отварањето на ЛГБТИ Центарот за подршка на 23.10.2012 настанот се одвиваше мирно, но беше проследен само неколку часа по завршувањето, со напад од страна на неколку маскирани напаѓачи чиишто идентитети останаа неидентификувани. Беше скршен предниот дел од излогот на Центарот при што беше утврдена парична штета која го оневозможи работењето на Центарот неколку дена потоа. Информацијата беше проширена во медиумскиот простор додека владееше молк од институциите за било каква осуда на нападот.

Заради овие напади и очигледната државна кампања против ЛГБТИ луѓето повторно беше организиран и Маршот на толеранција, кој се реализира веќе четири години, а сега по вторпат беше посветен на правата на жените и на ЛГБТИ популацијата во Република Македонија кои беа погодени од хомофобичната кампања. Пред почнувањето на Маршот додека беа поставувани тендите со промотивен материјал од страна на активистите кои беа сеуште незаштитени иако настанот беше пријавен и во Град Скопје и во Полициската станица Беко, се случи напад врз две лица кои завршија со полесни повреди, од страна на маскирано лице, кое подоцна беше приведено. Молкот на институциите сеуште трае иако нападот може да биде интерпретиран како

прекршување на основните човекови права, прекршување на правото за слободно изразување и правото за јавен собир.

На 17.12.2012 беше извршен повторен напад врз просторот на Центарот за поддршка и неуспешен обид истиот да биде запален. Нападот е пријавен во полиција и е во моментална постапка. Молк од високите институции.

**Медиумски простор**

Пристапот на активистите и организациите кои работат во полето на ЛГБТИ правата е ограничен и се емитува селективно и многу често извртено. Постои очигледна релација на одредени медиуми и Владата при што протокот на информации е често оневозможен и необјективен и дава еднострана информација за ситуацијата во Македонија. Покрај ограниченоста на медиумскиот простор одредени медиуми директно земаа учество во хомофобичната кампања информирајќи субјективно и врз основа на лични ставови.

Весникот „Вечер“ објави скандалозни порнографски насловни страници при обидот да ја зацврсти и подржи почнатата хомофобична кампања, каде што беа прекршени нормите за содржината на информации кои ја објавува еден медиум и што се казнува дури и како кривично дело. Со член 193 од Кривичниот законик се забранува прикажување на било каква порнографска содржина на дете, која што од весникот „Вечер“ беше објавена на насловната страна која е далеку повеќе од достапна за деца. Додека пак член 179 јасно дава на знаење дека оној кој за исмејување јавно ќе ги изложи на подбив припадниците на заедниците ќе се казни. Всушност со насловите и сликите објавени со цел да понижи една цела заедница повредувајќи го достоинството на нејзините припадници со наслови како „Моми со кондоми“, „Сакаме внуци а не педерлуци “ и објавување на порнографска слика која прикажува сексуален чин помеѓу двајца мажи се прекршува и овој член од страна на влијателен медиум во македонското општество, кој што остана неказнет.

Загарантираното право на слобода на изразување веројатно се толкува од страна на некои медиуми како слбода за говор на омраза и објавување неточни податоци претставени како факти. Низ медиумите излегоа текстови и написи каде лицата со хомосексуална ориентација се поистоветуваат со животни, се пропагира идејата дека во името на слободата на делување многу луѓе одлучуваат да имаат хомосексуална ориентација, дека тоа се лица кои не се свесни што се и дека нанесуваат срам на науката и хуманоста. Во други текстови, пак, се користат изјави од типот на поистоветување на хомосексуалноста со појави како педофилијата, при што постои очигледна неповрзаност. Постојат и навидум обединувачки текстови, што прикажуваат недвосмислено заедништво на сите граѓани и сите институции во ставот против геј браковите, што создава лажна слика кај јавноста. Хетеронормативното однесување во традиционална семејна средина се пропагира како највисока морална вредност при што се заборава на алтернативните начини на живот како слободен избор на граѓаните во една демократска секуларна држава.

Постојат неколку прилози во кои е дадена неутрална слика од страна на медиумите, како при отварањето и првиот инцидент, така и при посетата на евроамбасадорот Аиво Орав и амбасадорката на кралството Холандија Марија Хенриете Шурман. Сепак, доминантната слика во македонските медиуми во однос на ЛГБТ заедницата, според горенаведеното, е производ на лични ставови и обид за манипулација на мислењето на јавноста.

**Правна помош и поддршка**

Центарот за подршка на ЛГБТИ популацијата ја нуди бесплатната правна помош како дел од Хелсиншкиот Комитет, за членовите на ЛГБТИ заедницата чиишто права се нарушени. Во скромното постоење на центарот веќе се појавија 3 случаи од семејно насилство и уште неколку кои третираат други проблеми и се сеуште под дискреција поради стравот од предрасудите на институциите. Повеќе од очигледна е потребата од регулација на законодавството и негово прилагодување на животните проблеми на оваа популација бидејќи немањето доволна пракса на случаи во институциите не претставува никакво оправдување за незаштитеност на правата на цела една заедница.

По одбивањето на Иницијативата поднесена од Хелсиншкиот Комитет пред Уставниот суд за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 94-б став 3, од Законот за семејство, каде припадниците на ЛГБТИ заедницата не се опфатени во заштитата од семејно насилство, во Центарот беше поднесена претставка за насилство од страна на партнер во истополова заедница. Жртвата била малтретирана психички и физички од страна на својот партнер со кој што живееле. За среќа полицијата реагираше и со поддршката која ја даде, Хелсиншкиот Комитет успеа да превенира радикално развивање на овој случај.

Беа поднесени уште две претставки од страна на припадници на заедницата кои биле физички и психички малтретирани од своите родители поради својата сексуална ориентација. Заклучувани, тепани, малтретирани, влечкани по медицински установи, па дури во едниот случај жртвата била избркана од дома без никакви парични можности за завршување на задолжителното средно образование. На истата и било забранет контакт со својот брат кој е постар од 10 години, што законски му овозможува да одбере со кого од фамилијата ќе одржува контакт. Еден од случаите е во моментална постапка во Центарот за социјални грижи додека другиот беше повлечен од страна на странката.

Повеќе од очигледна е потребата за заштита на лицата со различна сексуална ориентација и родов идентитет, не само од околината но и од самите институции кои поради немањето на конкретна легислатива се оставени да постапуваат по сопствена интерпретација што креира несигурност и неефективно владеење на правото. Потребно е постапување на институциите во овие случаи без разлика на сопствените ставови и мислења. Потребна е заштита од страна на државата за овие лица кои нема

да бидат оставени на милост и немилост на надлежните органи застапувани од индивидуи со сопствени ставови за сексуалната ориентација и родов идентитет.

НАЧИН НА РАБОТА И ПРОЕКТИ

Центарот работи главно преку групи за поддршка, но врши и други функции.

**Извештај во сенка**

Во Јануари 2013 беше изготвен Извештај во сенка за имплементацијата на препораката CM/Rec(2010)5 на Комитетот на Министри на Советот на Европа, кој се однесува на мерките за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

Во Извештајот, создаден во интензивна комуникација со релевантните државни институции е констатиран недостатокот на законска заштита и ефективност на постоечката легислатива на Република Македонија, во однос на правата на лицата со различна сексуална ориентација и родов идентитет. Апсолутно игнорирање на Препораките на Советот на Европа, што го нарушува угледот на државата која Уставно е преставена како демократска и социјална, чиишто граѓани се еднакви во слободите и правата. Во следниот период Извештајот во сенка кој Хелсиншкиот Комитет и ЛГБТИ Центарот за поддршка го создаде во партнерство со ИЛГА Европа ќе биде промовиран и во целост достапен за домашната и меѓународната јавност.

**Публикации**

Во декември 2012, Центарот издаде публикација – Прирачник за родители на ЛГБТ деца, превод на оригиналното издание на организацијата PFLAG од САД. Прирачникот е создаден од родители на ЛГБТИ луѓе и е наменет за сите, но ќе биде особено корисен за родителите на ЛГБТИ луѓето во Македонија и во работата на Групата за поддршка за родители која е во основање.

**Групи за поддршка**

ЛГБТИ центарот за поддршка оформи 4 групи за поддршка со цел независна работа на групите и нивно самостојно градење на своите политики кои претставуваат дел од работата на ЛГБТИ центарот. Тоа се следниве:

- Лезбејско феминистичка група
- Транс група
- Група на Геј Мажи
- Група за подршка на родители на ЛГБТИ

Лезбејско-феминистичката група се залага за зајакнување на лезбејската заедница во Македонија со самозастапување и менување на социјалниот и правниот статус на

лезбејките во Македонија како и зголемување на видливоста, преку активно учество на припадниците на лезбејската заедница во борбата за остварување на сопствените права и слободи. Една од основните цели на Групата е плурализација на женските движења и организации, зацврстување на феминистичкото движење во Македонија и менување за неговата моментална еднолична прецепција од поширокота јавност преку акции за подигање на свеста на жените за своите права.

Групата се залага за зголемување на видливоста и политичката релевантност на лезбејскиот и феминистичкиот активизам, јакнење на капацитетите на нашата новооформена група, која претставува средство за зголемување на видливоста на лезбејките со цел подигнување на нивната политичка свесност, зголемување на нивниот интерес и зајакнување на капацитетите на лезбејскиот активизам. Размрдување на концептот на македонскиот феминизам преку неговото претставување низ призмата на неговата модерна структура и концепција. Во Центарот веќе се одржани две средби на групата за поддршка, а веќе се планира и следниот настан, кој ќе вклучува проекција на филм и дебата со експерти од областа на феминизмот.

Транс групата се залага за зајакнување на заедница на трансродовите лица во Македонија со самозастапување и менување на социјалниот и правниот статус на транс лицата во Македонија како и зголемување на видливоста, преку активно учество на припадниците на транс заедницата во борбата за остварување на сопствените права и слободи. Транс групата ги опфаќа трансродовите лица, транссексуалните лица и сите лица чиј родов идентитет не се совпаѓа со општествените норми.

На 30ти ноември и 1ви декември 2012 година, во соработка со Transgender Europe во Центарот се одржа обука на тема трансродни лица. Предавачи на обуката беа гости од Белград, меѓу кои еден активист, психолог, психијатар и правник. Првиот ден од обуката беше посветен на Групата за поддршка, така што на членовите им беше овозможена обука за активизам и само-застапување, а воедно и им беше овозможено да поставуваат прашања во врска со правниот и медицинскиот дел од постапката за потврдување на родот. Вториот ден беше посветен на стручна обука на неколку психијатри, психолози и еден социолог од Македонија, а предавачи беа психијатарот и психологот од Белград. Целта на обуката беше поврзување на стручните медицински работници и создавање на сензибилизирана екипа која би овозможила започнување на постапката за потврдување на родот во Р. Македонија, без да има потреба од патување во странство и дополнителни трошоци. Обуката беше успешна, а со групата за поддршка и стручните лица ќе се работи и понатаму. Инаку оваа обука беше продолжение на обуката од февруари 2012, кога истиот активист, инаку член на Бордот на Transgender Europe одржа обука во просториите на Хелсиншкиот Комитет, по што беше оформена Транс групата и се одржаа неколку средби.

Важно е да се истакне дека на оваа обука, на сопствена иницијатива, присуствуваше и мајката на едно од трансродните лица, заедно со своето дете. Таа покажа голем ентузијазам и интерес за понатамошни обуки и активности во рамките на оваа група, како и Групата за родители. Групата за поддршка на геј мажи и групата за родители се

во фаза на формирање. Групата за поддршка на родители на ЛГБТИ деца засега брои само мал број на родители на трансродови лица, односно само тројца/три заинтересирани родители. Сè уште не се одржани средби, но гореспоменатиот Прирачник за родители е изготвен за целите на оваа група. Прирачникот и поддршката од страна на Центарот ќе бидат достапни и понатаму, со цел почеток и успешно функционирање на оваа група, која сметаме дека е од исклучително значење за заедницата.